АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 12-04. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2292 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ-МЕДИА ДООЕЛ с. Чегране - Гостивар

3. **Датум на извршување на надзорот:** 11 април 2016 година

4. **Предмет на надзорот:**

- **Член 15 став 5 од Законот за медиуми („Службен весник на РМ" бр. 184/13 и 13/14)**

  (Радиодифузерите се должни на надлежното регулаторно тело да му достават писмен извештај, за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или телевизиско емитување, а особено за спроведувањето на програмскиот концепт, најдоцна до 31 март во тековната година. Во прилог на извештајот се доставува и информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во РМ или надвор од неа);

5. **Претходно изречена мерка:** Нема

6. **Констатации од надзорот:**

Трговското радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ-МЕДИА ДООЕЛ с. Чегране - Гостивар, **во законски предвидениот рок (31 март 2016 година) не достави до Агенцијата писмен извештај** за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за телевизиско емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во РМ или надвор од неа, со што **не ги исполни обврските од член 15 став 5 од Законот за медиуми**.

7. **Предлог мерка:**

Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 15 став 5 од Законот за медиуми, а согласно член 15 став 6 од овој Закон, се дава следната предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ-МЕДИА ДООЕЛ с. Чегране - Гостивар и согласно точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му даде дополнителен рок од 45 дена од денот на приемот на решението, во кој радиодифузерот ќе биде должен да ја исполни обврската од член 15 став 5 од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор за почитувањето на член 15 став 5 од Законот за медиуми, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***